МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# Политика за управување со енергија

Министерството за економија на Република Македонија е целосно посветено на континуирано спроведување на Системот за управување со енергија (СУЕ) како рамка за воспоставување и следење на квантитативните цели за енергетски ефикасно и одржливо работење, одговорно користење на енергијата и водата и намалување на штетното влијание врз животната средина.

Министерството за економија се обврзува да заземе водечка позиција во рационалното користење и управување со енергетските ресурси и водата и со тоа да стане позитивен пример за сите државни, јавни и стопански субјекти.

Во тој поглед, Министерството за економија презема обврска да се придржува и да ги почитува следните принципи:

- Проактивно спроведување на постојните и идните законски регулативи во однос на ефикасното користење на енергијата, водата и енергетската ефикасност;
- Континуирано подигнување на јавната свест преку едукација и поттикнување на секојдневни работни навики кај вработените кои ќе водат кон заштеда на енергија и вода;
- Поддржување на купување на енергетски ефикасни производи и услуги, и спроведување на проекти за енергетска ефикасност;
- Континуирано следење на потрошувачката на енергија и вода со цел навремено спроведување на активности кои ќе ги подобрат енергетските перформанси;
- Обезбедување на пристап до информации и неопходни човечки и материјални ресурси за постигнување на општите и посебни цели за постојано подобрување на енергетските перформанси;
- Транспарентност на Политиката за управување со енергија, плановите и активности за управување со енергијата и водата, како и на дефинираните цели за заштеда на енергија;
- Поголемо искористување на обновливите извори на енергија (ОИЕ) и
- Објавување на сите планирани подобрувања и достигнувања.

Државниот секретар при Министерството за економија е одговорен за спроведување на Политиката за управување со енергија во Министерството. Политиката за управување со енергија ќе се спроведува во согласност со доделените улоги и одговорности одредени во Системот за управување со енергија.

Скопје, 31.12.2018

Министерство за економија
Државен секретар

___________________________

Зоран Павловски